ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
25 септември 2014
Неделен Билтен

## Започна шестиот Меѓународен  театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“

Понеделник, 15 септември 2014

Со промоција на монографијата „Балканот низ театарската игра“ на театарскиот критичар Гоце Ристовски, синоќа официјално беше отворено шестото издание на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“. На отварањето присуствуваа митрополитот кумановско-осоговски г.Јосиф, доајенот на македонското глумиште г-ѓа Милица Стојанова, овогодинешниот лауреат Мето Јовановски, како и голем број на гости љубители на театарската уметност.
*Тајната на успехот зависи од постојаноста на намерата, а ние успеавме со постојана надградба и упорност да го одржиме овој фестивал кој стана вистински интернационален мост на театрите од Балканот, а со тоа, културата од разни поднебја е достапна до моите сограѓани* - истакна градоначалникот Алексовски во своето обраќање пред присутните.




Промотор на монографијата, во која се опфатени петте изминати театарски изданија беше Трајче Кацаров
Фестивалскиот репертоар започнува денес, со претставата „Државен крадец“ на Народниот театар Тузла, од Босна и Херцеговина.
Инаку, на годинашната фестивалска програма ќе настапат: Народен театар „Невена Коканова“

од Дупница, Бугарија со претставата „Кривоибрана глобализација“, Народен театар „Славија“ од Белград, Србија со претставата „Љубовници“, Народен театар „Лесковац“ од Србија со „Се ќе се разјасни“, Народен театар „Велко Канев“ од Тополовград, Бугарија со „Балкански аристократи“, Народен театар „Вировитица“ од Хрватска со претставата „Ќуп“, како и Битолскиот народен театар со „Без паника“ и Струмичкиот народен театар со претставата „Не чукај блиску до срцето“. Ревијалната програма на Меѓународниот театарски фестивал „Св.Јоаким Осоговски“ ќе трае од 15 до 22 септември.

Сите претстави ќе се прикажуваат со почеток од 20 часот, а средствата собрани од влезниците ќе бидат донирани во хуманитарни цели.






# Мето Јовановски - лауреат на шестиот Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“

Понеделник, 15 септември 2014

Еден од најпознатите македонскиот актери Мето Јовановски е годинешен лауреат на шестиот Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“, кој започна во недела на 14 септември во Центарот за култура во Крива Паланка.




За особен придонес во македонската театарска уметност и култура, градоначалникот Арсенчо Алексовски на Јовановски му ја врачи плакетата на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“.
За творештво на овогодинешниот лауреат говореше театарскиот критичар Гоце Ристовски кој истакна дека Јовановски е актер со маркантно присуство и на телевизија и во театарот, носител на повеќе од 30 меѓународни награди и признанија.
Организацискиот одбор на фестивалот секоја година доделува награда за особен придонес во македонската театарска уметност и култура, а досегашни лауреати се Милица Стојанова, Зафир Хаџиманов, Петар Темелковски, Шенка Колозова и Страшко Милошевски.






# Втора фестивалска вечер на театарскиот фестивал „Свети Јоаким Осоговски“

Вторник, 16 септември 2014

На втората фестивалска вечер на шестиот Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ беше изведена претставата „Државен крадец“ на Народниот театар „Тузла“ од Босна и Херцеговина.






# Трета фестивалска вечер на театарскиот фестивал „Свети Јоаким Осоговски“

Среда, 17 септември 2014

На третата фестивалска вечер на шестиот Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ беше изведена претставата „Криворазбраната глобализација“ на Народниот театар „Невена Коканово“ од Дупница, Р.Бугарија.






# Четврта фестивалска вечер на театарскиот фестивал „Свети Јоаким Осоговски“

Петок, 19 септември 2014

На четвртата фестивалска вечер на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ беше изведена претставата „Љубовници“ на Народниот театар „Славија“ од Белград, Србија.






# Петта фестивалска вечер на театарскиот фестивал „Свети Јоаким Осоговски“

Понеделник, 22 септември 2014

На петтата фестивалска вечер на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ беше изведена претставата „Без паника“ на Народниот театар од Битола.






# Шестта фестивалска вечер на театарскиот фестивал „Свети Јоаким Осоговски“

Понеделник, 22 септември 2014

На шестата вечер на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ беше изведена претставата „Се ќе се разјасни“ на Народниот театар „Лесковац“ од Србија.






# Седма вечер на театарскиот фестивал „Свети Јоаким Осоговски“

Вторник, 23 септември 2014

На седмата фестивалска вечер на театарскиот фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ беше изведена претставата „Балкански аристократи“ на Театарот на комедија „Велко Канев“ од Тополовград, Р.Бугарија.






# Осма фестивалска вечер на театарскиот фестивал „Свети Јоаким Осоговски“

Среда, 24 септември 2014

На осмата фестивалска вечер на театарскиот фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ беше изведена претставата „Не чукај блиску до срцето“ на Народниот театар „Антон Панов“ од Струмица.






# Деветта фестивалска вечер на театарскиот фестивал „Свети Јоаким Осоговски“

Среда, 24 септември 2014

Со претставата „Ќуп“ на Народниот театар „Вировитица“ од Хрватска беше затворено шестото издание на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“.






Општина Крива Паланка

Ул.„Св.Јоаким Осоговски“ 175

opkp@krivapalanka.gov.mk

www.krivapalanka.gov.mk